# ИНТЕРВЈУ: БОБАН НИКОЛОВСКИ

ДИРЕКТОР НА ЦАРИНСКА УПРАВА

# РЕДОВНА КОМУНИКАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ Е КЛУЧНА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

Со цел да обезбедиме успех на реформските политики потребно е да имаме редовни консултации со бизнис заедницата. Ова ќе ни овозможи добро владеење и успешност во спроведувањето на политиките. По повеќе од две години повторно го реактивиравме Советодавното тело.



**-Економска трансформација на Царината и сузбивање на криминалот и корупцијата се двата столба на кои ќе се заснова царинската политика согласно приоритетите на Владата. Може ли поконкретно да споделите кои ќе бидат приоритетите на Царината за време на вашето раководство?**

Приоритетите за кои и јас лично се залагам, заедно со новото раководство на Царинската управа се:

- Менување на свеста кај царинските службеници;
- Почитување на униформата преку покажување цврст интегритет, професионалност и високи вредности и менување на перцепцијата за царинските службеници од страна на граѓаните и деловната заедница;
- Подобрување на меѓународната соработка;
- Бескомпромисна борба против корупција и криминал;
- Професионален напредок преку ефективни обуки по највисоки меѓународни стандарди; како и
- Дигитализација на процесите и подобрување на условите за работа.

Повеќе пати повторувам дека повисоки резултати ќе имаме само преку менување на свеста на сите царински службеници, дека секојдневно доаѓаат на работа за да спречат криминал, да спречат криумчарење, да извршат соодветна контрола и да наплатат повисоки приходи во Буџетот. Ова ќе го овозможиме преку будност, интегритет и професионалност. Ние сме првата контрола на сè што влегува и излегува од државата, при што преку следење и примена на законите и меѓународните договори наша задача е да зголемиме економска безбедност, а со тоа и националната безбедност. Ја унапредуваме и меѓународната соработка која е клучна за размена и мечирање на податоци во синџирот на меѓународната трговија. Покажавме дека жестоко ќе се бориме против корупцијата и криминалот и изминатата недела пред граѓаните и бизнис заедницата на јавен настан ги презентиравме резултатите.

Лично како човек кој доаѓа од редовите на Царинската управа знам колку се важни обуките за личен развој, но и знам колку се важни ефективните обуки. Затоа и нашите залагања ќе бидат токму во таа насока, професионален развој преку посета на обуки по највисоки меѓународни стандарди.

**Со мојот тим воведуваме нов ред, награда за секој што заслужил, но и санкционирање на секој што заслужил.**

Зголемени се и контролите во рамки на Секторот за професионална одговорност при што само во август поднесени се 18 дисциплински постапки. **Континуирано се вршат контроли, и веќе го воспоставуваме редот како што доликува на една професионална служба која ќе биде клучна во прибирањето приходи во Буџетот.**

**Какви реформски политики и промени можат да очекуваат извозните копании од Царинската управа за олеснување на трговијата и транспортот, во насока на зголемување на нивната конкурентност?**

Реформските политики коишто ги започнавме се темелат на два столба. Првиот столб е **зголемување на контролните механизми и откривачките функции** во насока на сузбивање на нелегалната трговија и полнење на Буџетот.

Во оваа насока презедовме конкретни чекори. Ги зголемивме контролите при што веќе од месец јули имаме зголемен пријавен увоз на возила, цигари, како и поголем пријавен увоз на облека од Турција. Притоа, ако во јули минатата година биле увезени 96 тони цигари, годинава е евидентиран увоз на 218 тони цигари, или за 127 проценти повеќе.

Зголемените контроли и повисокото ниво на дисциплина резултираше историска наплата на приходи во еден месец од **близу 12 милијарди денари, или 16,6% повеќе од минатата година.**

**Ваквата тенденција на поголема наплата се задржа и во наредните месеци**, при што кумулативно од први јули до 8 октомври или за 100 дена, се наплатени вкупно приходи во износ од 35,4 милијарди денари односно за 9,2% или 3 милијарди денари повеќе од лани.

**Во септември наплатата на царина е повисока за 24,4%, а на акциза за 25,9%.** И во септември зголемената наплата на приходи се должи на зголемен увоз на тутун за 279 милиони денари или 46% зголемување на наплатата на увоз на тутун од септември минатата година. Понатаму на зголемена наплата на приходи од увоз на возила и тоа за 130 милиони денари или 17% повеќе од лани, а наплатата на приходи од увоз на облека е за 55% поголема од лани.

Воедно од досегашните истраги во еден сегмент е увидено поднесување лажни документи кои се дел од документацијата потребна за завршување на царински постапки.

Зголемените контроли ни овозможија реална/вистинска наплата на данокот на моторни возила. Така во јули наплатата на данок на моторни возила е повисока за 46,6% во однос на истиот месец минатата година, во август за 21,7%, а во септември имаме 24,2 % повисока наплата во однос на истиот период минатата година.

Воспоставен е и Нов Комитет за оперативно работење чија задача е поефикасна координација на оперативното работење што подразбира и зајакната контрола на работата на царинските службеници. На месечна основа сите царинарници ќе доставуваат извештаи каде јасно ќе имаме увид на што се должи зголемувањето или намалувањето на наплатата. Ова ќе биде основа и за контрола на работењето. Но, исто така ваквите податоци ќе ни бидат основа да имаме јасна слика за економската состојба во државата, при што се зголемуваат можностите за навремена интервенција.

Понатаму, на граничните премини е интегриран и систем за видео надзор и автоматско препознавање на регистарски таблички.

Воедно со донација од амбасадата на Соединетите Американски држави царинските службеници на **пет гранични премини (Блаце, Табановце, Пелинце, Деве Баир и Белановце) ќе бидат опремени 24 часа со боди камери.**

**Вториот столб е економска трансформација** преку олеснување на трговијата и забрзување на транспортот, дигитализација на процесите и усогласување со системите во ЕУ, при што царинската управа е клучна институција што треба да овозможи забрзана интеграција во единствениот пазар на ЕУ.

Во оваа насока би ја спомenал тековната реконструкција и надградба на премините Деве Баир и Ќафасан, автоматизација на терминалите каде интензивно работиме на отпочнување на проектот, имплементација на НЦТС 5 итн.

Исто така, клучна е редовната комуникација со економските оператори во насока на унапредување на постоечките мерки, но и креирање нови мерки со цел зголемување на конкурентноста на македонската економија.

**Го реактивиравте Советодавното тело во кое покрај Царината членуваат и коморите и префесионалните асоцијации. Кои се предлозите и сугестиите кои ги добивте од нив? Каде најмногу треба да се делува и да се прават промени?**

Со цел да обезбедиме успех на реформските политики потребно е да имаме редовни консултации со бизнис заедницата. Ова ќе ни овозможи добро владеење и успешност во спроведувањето на политиките. По повеќе од две години повторно го реактивиравме Советодавното тело. Воедно спроведовме Анкета за унапредување на работата на Царинската управа, во која учествуваа нивните членки. Главните предлози беа во насока на: понатамошна




примена на поедноставените постапки и поедноставување на постапката за добивање на одобренија; понатамошна дигитализација и обуки за новините во царинското работење; соодветни приоритетни ленти на граничните премини; како и унапредување на институционалните капацитети и зголемување на професионалноста на царинските службеници. Овие наоди од Анкетата се веќе дел од нашите планирани активности и ќе продолжиме со усогласување на нашата работа со нивните потреби, во рамки на законските прописи.

**Со мојот тим воведуваме нов ред, награда за секој што заслужил, но и санкционирање на секој што заслужил. Континуирано се вршат контроли, и веќе го воспоставуваме редот како што доликува на една професионална служба која ќе биде клучна во прибирањето приходи во Буџетот.**

**Долгите редици на граничните премини се еден од најгорливите проблеми на бизнисот. Што конкретно презема Царинската управа за да се олеснат и забрзаат царинските постапки, транспортот и трговијата? Што конкретно планирате како Царина да направите за да се намали времето на чекање на границите и за да се олеснат и забрзаат царинските постапки, транспортот и трговијата?**

Активно работиме на отпочнување на проектот за автоматизација на терминалите, за што е обезбеден грант од ЕУ. Подетално, проектот вклучува целосна замена на постоечките ваги со нови дигитални ваги, како и замена на постоечките рампи со нови автоматизирани рампи. Доколку досега еден камион на влез на граничен царински терминал за вагање се задржува и повеќе од пет минути за да се измери и рачно да се внесат податоците, со имплементација на проектот се очекува истиот на вагање да се задржи една минута. Со ова значително ќе се забрза транспортот и ќе се олесни трговијата, особено на најфреквентните гранични царински терминали каде се вагаат и до 500 камиони дневно. Системот ќе се поврзе и со системот за видео надзор што веќе е интегриран на граничните премини, а во иднина ќе се поврзе и со останатите системи на Царинската управа што дополнително ќе влијае на олеснување и забрзување на царинските формалности.

Второ, со Агенцијата за храна и ветеринарство договоривме и на клучните граничните премини веќе се усогласени работните смени, при што нашата заедничка заложба е смените на сите гранични премини да бидат усогласени.

Воедно со Макам-транс договоривме и веќе функционира системот на навремено известување, при што доколку на преминот без разлика дали е од наша страна или од страна на соседната држава се изведуваат одредени активности за истото веднаш ги известуваме се со цел да го пренасочат сообраќајот. Комуникацијата е секогаш најважна сè со цел навремено реагирање.

**Интеграцијата со европските царински системи и прилагодувањето на европското царинско законодавство е еден од предусловите за влез на земјата во ЕУ. Колку Царинската управа има капацитет да ги изнесе овие процеси на патот кон ЕУ?**

Царинската управа е насочена кон усогласување со последните европски царински прописи, како дел од нашите заложби за побрза интеграција во единствениот пазар на ЕУ. Во оваа насока работиме на понатамошна дигитализација на царинското работење и усогласување со системите во ЕУ.

Во моментов работиме на **нов Царински закон со цел усогласување со царинскиот закон на Европската Унија.** Суштината е подобрување на условите за водење бизнис и побрза интеграција во единствениот пазар на ЕУ, преку создавање на целосно дигитално царинско работење во секој сегмент, целосна усогласеност со системите што се користат во ЕУ на чија имплементација веќе работиме, како и поголема сигурност на стоките што влегуваат и излегуваат од државата.